*Број: 02 - 13702/2*
*21.10.2010 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од LXXXVII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 23.09.2010 година со почеток во 12.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Ирфан Хоца, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*

- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Елена Трпковска, седницата ја отвори и водеше заменикот на претседателот Ирфан Хоџа. Утврди дека на седницата се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Објасни дека седницата е закажана како итна заради разгледување на оставката на директорот Јанез Јелникар и распишување на конкурс за избор на нов директор. Согласно ова, предложи седницата да работи по следниот*

### *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Одлука за распишување на конкурс за именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Управниот одбор го прифати предлогот и едногласно го усвои следниот*

### *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Одлука за распишување на конкурс за именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на единствената точка на дневниот ред.*

***ТОЧКА 1*** *- Одлука за распишување на конкурс за именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Членовите на Управниот одбор расправаа за состојбата настаната по барањето на директорот Јанез Јелникар за разрешување од должноста. Во врска со тоа, од Владата на Република Македонија Фондот е задолжен да спроведе постапка за именување на нов директор. Согласно одредбите на Законот за здравственото осигурување, конкурсот за избор на директор го распишува Управниот одбор на Фондот, а за спроведување на постапката од своите редови формира комисија.*

*Горан Коевски во врска со дописот од Владата во кој Фондот се задолжува да да спроведе постапка за именување на нов директор укажа дека со одлука на Уставниот суд е укината одредбата од Законот за здравственото осигурување*

*што овозможуваше за директор на Фондот да биде именуван и странец. Поради тоа е прашање дали има потреба конкурсот да се објави и во странско гласило.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека целта е на конкурсот да се јават што повеќе кандидати со високи квалитети па затоа се препорачува покрај во македонските весници, да се објави и во еден меѓународен магазин.*

*Горан Коевски укажа дека именуваното лице треба да има македонско државјанство. Потоа, поради неодложни обврски ја напушти седницата а Управниот одбор продолжи со работа во кворум од четири члена.*

*По ова, Ирфан Хоџа предложи согласно законот и статутот Управниот одбор да донесе одлука за распишување на конкурс за именување на директор.*

*Останатите членови го прифатија предлогот, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за распишување на конкурс за именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се формира комисија за спроведување на постапката за објавување на конкурсот, прием на пријавите и изготвување на листа на пријавени кандидати.*

*Со тоа се исрпи дневниот ред, па во 13.30 часот Управниот одбор заврши со работата на LXXXVII -та итна седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Ирфан Хоџа***